Врз основа на член 3 став 2 од Законот за судска служба (Сл.в. на РМ бр.43/14, 33/15, 98/15, 6/16, 198/18 и 248/18) и член 23 од Законот за работните односи (Сл.в. на РМ бр.167/15), како и член 54, односно член 57 од Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Апелационен суд Скопје и известувањето од Министерството за финансии бр.18-8186/2 од 16.12.2020 година

**АПЕЛАЦИОНИОТ СУД СКОПЈЕ**
**објавува**
**ЈАВЕН ОГЛАС БРОЈ 4/2020**
**за вработување на 2 (две) лица на неопределено време**

**1. Возач – 1 (еден) работник**

Посебни услови:
- најмалку средно образование и да поседува возачка дозвола „Б“ категорија подолго од една година
- со 1 година работно искуство

Неделно работно време 40 часа;
Дневно работно време 8 часа;
Основна нето плата: 17.149,00 денари;

**2. Хигиеничар – 2 (два) работника**

Посебни услови:
- средно образование или основно образование
- со или без работно искуство

Неделно работно време 40 часа;
Дневно работно време 8 часа, од 12,00 часот до 20,00 часот;
Основна нето плата: 15.009,00 денари;

Покрај наведените посебни услови, предвидени во Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Апелационен суд Скопје, кандидатите треба да ги исполнуваат и следниве општи услови кои се предвидени во член 21 став 1 од Законот за судска служба:

- да е државјанин на РМ
- активно да го користи македонскиот јазик
- да е полнолетен
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Времетраење на работниот однос: неопределено

Кандидатите се должни да поднесат молба за вработување и докази за исполнување на општите и посебните услови за работното место во оригинал или копија заверена на нотар.

Молбата, покрај доказите, задолжително треба да содржи: име и презиме на кандидатот поткрепени со доказ за лична идентификација, живеалиште, односно престојувалиште на кандидатот, е-меил адреса или контакт телефон.

Рокот за поднесување на молбите изнесува 20 (дваесет) работни дена од денот на објавувањето на огласот во дневните весници (несметајќи го денот на самото објавување).

Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

Молбата со доказите, кандидатите се должни да ја достават непосредно во приемното одделение на судот, во работно време или по пошта на адреса:

**АПЕЛАЦИОНЕН СУД СКОПЈЕ**
**Бул.Крсте Мисирков бр.1 Скопје**
**(со назнака за Јавен оглас број - 4/2020)**

Ненавремените, нецелосно пополнети, неуредни и некомплетни молби нема да се разгледуваат.

Изборот на кандидатите ќе се изврши во рок определен во член 23 став 2 од Законот за работните односи.